Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## FIREFOX 3




Третата верзија на популарниот броузер на "Mozilla" го урна светскиот рекорд во бројот на симнувања во еден ден. Ова е потврдено и од организацијата на Гинисовата книга на рекорди. Firefox 3 за еден ден го симнале 8.002.530 луѓе. Ова е голем успех и признание за "Firefox" и за целата заедница љубители на нејзиниот броузер. Од првата верзија "Firefox" од 2004 година, "Mozilla" се потпира на заедницата, која овој броузер го промовираше на различни начини, банери на многу Интернет страници, налепници, видеоклипови и блогови.




## NOKIA GPS MODULE

Новиот GPS модул е комбинација на привлечниот дизајн и едноставноста која ја карактеризира N-серијата. Имено, во духот на мисијата што е можно повеќе да се приближат локациско-базираните сервиси до обичниот корисник,




новиот GPS модул ќе биде компатибилен со низа телефони и Maps апликацијата. LD-4W тежи 31 грам и може да издржи 10 часа работа. На предната страна има 3 LED индикатори, кои го покажуваат статусот на GPS-от, батеријата и bluetooth врската.

